Врз основа Статутот на Друштвото за филмски работници на Македонија Скопје, Собранието на Друштвото на 09.03.2016 година го донесе следниот :

ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредуват надлежносите на Управниот одбор, начинот на свикување седница, кворум на Управниот одбор, разрешување на член на Управен одбор и други прашања поврзани со работата на Управниот одбор.

Член 2

Управниот одбор е колективен извршен орган на Собранието.

Управниот одбор раководи со Друштвото помеѓу седниците на Собранието на Друштвото.

Член 3

Управниот одбор за својата работа одговара пред Собранието на Друштвото.

Член 4

Управниот одбор има 11 членови.

Мандатот на членовите на Управниот Одбор трае 4 години, со можност за повторен избор.

Член 5

Управниот одбор го сочинуваат Претседателот на Друштвото, Генералниот секретар, по еден претставник од секој сектор односно 6 преставници и три члена со редовен статус избрани од Собранието со тајно гласање.

Член 6

Претседателот на Друштвото е претседател на Управниот одбор.

II.НАДЛЕЖНОСТИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Член 7

Управниот одбор ги има следните надлежности :

- Ги спроведува статутарните и програмските задачи на Друштвото како и одлуките и заклучоците на Собранието;
- Управува и одговара за управувањето со имотот на Друштвото;
- Остварува меѓународна соработка на Друштвото;
- Ги подготвува и предлага работните програми на Друштвото;

- Ја реализира мандатната програма, како и тековната Годишна програма за работа на Друштвото, кои се донесени од Собранието;
- Подготвува предлог Статут и други акти на Друштвото и предлага измени и дополнувања на истите;
- Ги подготвува Правилниците за работа на Друштвото на барање на Собранието;
- Ги подготвува седниците на Собранието, материјалите за тие седници и ги усвојува соодветните предлози за седниците на Собранието;
- Формира свои постојани и повремени помошни тела како што се: стручна комисија, статутарна комисија, одбори и слично и ја насочува нивната работа и врши контрола врз истата;
- Подготвува и поднесува до Собранието, Финансиски план и Завршна сметка на Друштвото и го доставува Финансискиот извештај до Собранието;
- Подготвува годишен извештај за својата работа;
- Донесува одлуки за прифаќање спогодби и склучување договори;
- Донесува Одлука за висината на членаринатa;
- Донесува одлуки за набавка и отуѓување на основни средства за работа на Друштвото, за печатење стручна литература и за други потреби;
- Одлучува за доделување на награди и признанија;
- Одлучува за организирање и учество во проекти како и организирање на акции, манифестации и фестивали;
- Донесува и други одлуки што ќе произлезат од тековното работење.

Член 8

Управниот одбор е должен да свика седница на Собрание во случај на спреченост на Претседателот на Собранието, во рок од 30 дена од денот на прием на предлогот.

Член 9

Управниот одбор одлучува за прием и престанок на членство на Друштвото.

Управниот одбор е должен навремено без одлагање да го извести апликантот за донесената одлука.

Член 10

Управниот одбор поднесува писмен предлог до Собранието и врз основа на мислењето добиено од Собранието носи Одлука за прием или одбивање на прием на членот, со што навремено го известува апликантот.

Член 11

Одлуката за исклучување од членство поради неизвршување на обврски ја донесува Управниот одбор со мнозинство гласови, по сопствен предлог или по предлог на Судот на честа на Друштвото.

На одлуката за исклучување на Управниот одбор може да се поднесе жалба до Собранието на Друштвото во рок од 15 дена од донесувањето на одлуката за исклучување.

III. СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Член 12

Управниот одбор работи на седници кои ги свикува и со кои претседава Претседателот на Управниот одбор.

Управниот одбор се состанува по потреба, а најмалку 4 пати годишно.

Член 13

Седница на Управниот одбор освен Претседателот на Управен одбор, може да свика и Генералниот секретар.

Во случај на отсуство на Претседателот, седницата ја свикува и раководи Генералниот секретар.

Во отсуство на Генералниот секретар, седницата по потреба се свикува на барање на најмалку 7 члена на Управниот одбор. Со таа седница раководи членот на Управниот одбор кој се избира со мнозинство гласови од присутните членови на седницата.

Член 14

Седница на Управниот одбор може да биде одржана со присуство и право на гласање на членовите и преку телефонска конференциска врска.

Член 15

Седниците на Управниот одбор се одржуваат во просториите на Друштвото или во друга претходно обезбедена просторија од страна на Друштвото а за што членовите на Управниот одбор ќе бидат известени најмалку 5(пет)дена пред одржување на седницата.

Член 16

Седниците на Управниот одбор ги подготвува Стручната служба на Друштвото во соработка со Претседателот на Управниот одбор.

Подготовката ги опфаќа следните работи:

- Утврдување на дневенред;
- Подготовка на писмени материјали за седниците;
- Поканување / известување на членовите на Управниот одбор и други лица (по потреба) за времето и местото на одржување на седницата.

Член 17

При утврдување на Дневниот ред, ќе бидат земени предвид предлозите кои навремено ги предложиле членовите на Управниот одбор, најдоцна седум дена предодржување на седницата.

III.1.КВОРУМ

Член 18

Управниот одбор полноважно одлучува ако се присутни над 50% од неговите членови, односно долку се присутни 6 членови.

Управниот одбор одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови, освен ако не е предвидено поинаку со некоја одредба од Статутот на Друштвото.

Член 19

Гласањето на седниците е јавно, освен ако УО не одлучи по одделни прашања гласањето да биде тајно.

Одлуката за тајно гласање се носи со јавно гласање.

Член 20

За работата на Управниот одбор се води писмен записник кој се чува во Стручната служба на Друштвото.

III.2.ТЕК НА СЕДНИЦА

Член 21

Претседателот на Управниот одбор односно лицето кое претседава со седницата го известува Управниот одбор кои членови се поканети да присуствуваат и кои членови го најавиле своето отсуство.

За присутноста на членовите на седницата на Управниот одбор се води евиденција. Евиденцијата ја води назначено лице кое е вработено во Стручната служба на Друштвото.

Член 22

Ако на почетокот на седницата се утврди дека не постои кворум, седницата се одложува за одредено време со истиот дневен ред, или ако во текот на траењето на седницата се утврди дека нема кворум истата се прекинува и презакажува за одредено време, ден и час, по истиот дневен ред.

Член 23

Пред да се премине на утврдување на Дневниот ред на седницата се усвојува записникот од претходната седница.

Секој член може да стави забелешка на записникот и да бара во истиот да се извршат одредени измени или дополнувања.

Член 24

Предложениот дневен ред може да се измени и дополни на почетокот на седница на Управниот одбор во поглед на редоследот или со предлагање на нови точки.

Член 25

Лицето кое претседава со седницата на учесниците во расправата им дава збор по редослед на пријавувањето.

Лицето кое претседава со седницата може да му даде збор и на секој присутен на седницата кој не е член на УО, а истиот е поканет на седницата.

Учесникот во расправата може да говори само за прашање кое е на дневен ред, а во случај да се оддалечи од дневниот ред, лицето кое претседава со седницата ќе го предупреди неговото излагање да биде во рамките на точката од дневниот ред, во спротивно може да му го одземе зборот.

Член 26

За одржување на редот на седницата се грижи лицето кое ја води седницата.

За повреда на редот на седницата, лицето кое ја води седницата може да го опомене и да му го одземе зборот на учесникот во расправата и да го исклучи од седницата.

IV. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Член 27

Членот на Управниот одбор е должен активно да учествува во работата на Управниот одбор и неговото постапување да биде мотивирано со совесност и честност.

Член 28

Членот на Управниот одбор е должен редовно да присуствува на седниците на Управниот одбор и има право и можност во случај на спреченост да отсуствува најмногу два пати во една мандатна година.

Членот кој осуствува има право да назначи друго лице како соодветна замена со писмено полномошно со наведување за која седница лицето е овластено да го претставува со право да гласа.

Член 29

Доколку Претседателот на Управниот одбор, утврди дека одреден член на одборот намерно изостанува од седниците или не го најавил своето отсуство од најмалку две седници, должен е да го извести Претседателот на Друштвото и има право да поднесе барање за разрешување на членот и назначување нов.

IV. РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР

Член 30

Член на Управниот одбор може да биде разрешен од својата функција и пред истекот на периодот за кој е именуван и тоа :

- по сопствено барање;
- промена на професија;
- поради смрт или трајна спреченост;
- несоодветно извршување на поставените обврски;
- непридржување кон одлуките на органите и Статутот;
- одлука за разрешување донесена од Собранието
- престанок на Друштвото.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Постапката за измена и дополнување на овој Правилник е иста како постапката за негово донесување.

Член 32

Овој Правилник стапува на сила на денот на неговото донесување.

Претседател на Собранието,

Роберт Насков